БИАТЕН Бр. 1

# 45.

# МАКЕДОНСКИ ТЕАТАРСКИ ФЕСТИВАЛ "ВОЈДАН ЧЕРНОДРИНСКИ" - ПРИЛЕП




04 - 10 ЈУНИ 2010

**Кон 45 издание на МТФ "Војдан Чернодрински"**

# ЗАМАЕЦОТ ИСФРАА НАГРАДИ

*Прсна големото актерско срце. Плачат и лауреатите! И тогаш, кога во раце се држи наградата за животно дело која ги обединува сите постигнати успеси и одгирани ролји во театарскиот век, срекјата, задоволството и возбудата се крунисуваат со солзи. Не можат да ги сокријат, или уште повеќе, не можат ниту збор да изустат...*

*А расплакувале, тие, лауреатите бројни гледачи, со експлицитните ликови кои ги играле, ѓго одземале здивот на публиката и кога, дури и без проба, играле на премиера. А тогаш, младешката убост го кинисала замаецот на театарската магија. И така го исткале 45 годишниот фестивалски килим распослан со сета колоритност од врвни претстави од драмски творци ујдисани од мајсторски режисери. И сега, 45 години подоцна, се врти замаецот на театарот. Го движат силно, го туркаат новите актерски сили. Младите глумци, кои не ги штедат колениците, прикажувајќи натпросечна енергија, со алка заврзани со драмски автори и режисери на кои светот им се поклонува.*

*Се редат награди и светски признанија. Се триумфира на меѓународни фестивали. А длабок наклон младата театарска сила добива и од лауреатите. Им го признаваат и го величат одот по нагорна линија. Не страхува Фстивалот од ништо. А веќе ја полни петата деценија. Речиси половина век се создавала и ќе се создава театарска убост. Замаецот силно го вртат неуморните младешки потенцијали. Ова парче, уште од антиката создавало театар за кој се уште се говори, и ќе создава, затоа што во поривот кој ја создава уметност владее љубов!*

*Не тагувајте лауреате,*

*Вашите соништа и неодиграни и посакувани ролји ги носат на крилјата јунаците кои доаѓаат, вредните млади творци кои се тука, и не се штедат. Кога се создава, кога ечи квалитет, се редат успеси!*

# ОТВОРАЊЕ, ОТВОРАЊЕ, ОТВОРАЊЕ . . .



Се крена завесата на 45 Македонски театарски фестивал “Војдан Чернодрински”. Енергија, креативност, ентузијазам, театарски дух ќе нé опкружува. Синоќа во Домот на културата “Марко Цепенков” беше отворен Фестивалот. Учесниците, актерите, функционерите и публиката безрезервно порачаа да живее театарскиот дух.

Уметничкиот директор и претседател на советот на Фестивалот Петар Темелковски ја испрати пораката:

- Ако некој собрал доблест во срцето за да не сонува, му посакуваме убав и долговечен сон!

Градоначалникот на Прилеп Марјан Ристески во поздравното обраќање од сцената на Домот на културата рече дека Фестивалот е средба на старите пријатели и новите ѕвезди.



Театарската магија на 45 МТФ"Војдан Чернодрински" започнува. Фестивалот претставува средба на старите пријатели и новите ѕвезди на театарската сцена, премиерите и праизведбите, истражувачкото понирање во минатото и возвишеност на откриетието дека пораките се акуелни рече на отворањето на Фестивалот градоначалникот Марјан Ристески.

- Јубилејот заслужува уште еден поглед кон минатото, но и нов поглед на сегашноста и иднината. Историјата сведочи дека Р. Македонија и Прилеп отсекогаш ја имале привилегијата да биде расадник на уметничката елита. Тие се дом на истакнати уметници кои низ своите дела даваат слика на животот на едно време и засекогаш го зачувуваат историскиот фрагмент за идните генерации.

Македонското драмско творештво е каракетристично по секој свој изразен елемент и успева да го допре срцето на љубителите на театараската уметност.

Фестивалот денес е настан што несомнено дава печат на целокупното живеење во државава. Нуди пресек на актуелниот театарски миг низ кој минува македонскиот театар.

Фестивалот ја  отсликува годишната продукција на театарските творци во доменот на театарскиот израз кој е потврда за суштинската потреба од театар во нашата земја, потреба за идентификација на културата и традицијата кои се долги колку и самата нација. ... Театарот во 21 век од нас бара да станеме сериозни гледачи, кои ќе знаат со што да се соочуваат. Барем тоа му го должиме на театарот. Да го почитуваме! Да се прави театар значи да се фрли светлина на сцената од нашиот секојдневен живот се вели во пораката на Августо Боал" - рече градоначалникот Ристески.

# Фестивалот е отворен . . .

Заменик министерот за култура Драган Недељковиќ отворајќи го Фестивалот рече дека тој ќе ни понуди возбудливо театарско патување.



- По 45-ти пат, годинава, овој реномиран фестивал ја продолжува традицијата да се живее и да се дише со Театарот. Ова издание на големо задоволство на публиката ќе ни презентира квалитетни и естетски издржани претстави, односно ќе имаме можност да ги погледнеме и критички да ги оценеме најдобрите претстави создавани во македонските театри во текот на годината.

Фестивалот, кој го носи името на основоположникот на македонската драма, познатиот драмски автор, актер и режисер Војдан Чернодрински, несомнено претставува бренд на македонското театарско живеење. Оваа манифестација со своето егзистирање на најдобар можен начин ги отсликува стремежите на нашите творци во областа на театарскиот израз и на најдобар начин ја дефинира суштинската потреба од Театарот во нашата земја, потребата од идентификација со културата и со традицијата. Министерството за култура на Република Македонија традиционално ја дава својата поддршка за овој Фестивал кој заслужено низ децениите го доби своето место на мапата на театарски фестивали и стана белег на препознатливост за нашите творци и воопшто симбол на Република Македонија.

Почитувани,
во оваа пригода сакам да ги поздравам залагањата на тимот што го реализира овој Фестивал и на уметничкиот директор Петар Темелковски и воедно да им ги честитам наградите за чивотно дело за 2010 година на истакнатите маkedноски актери Ратка Чоревска, Мите Грозданов и Чедо Христов.

Уверен сум дека во следните денови ќе имаме инзворедна размена на креативна енергија меѓу актерите и публиката која докажа дека знае да распознава вистински вредности и искрено да го награди творецот на магијата наречена “Театар”. На самиот крај, дозволете ми да Ви упатам искрени желби за натамошен растеж и успех на Фестивалот и да Ви пожелам магијата на Театарот вечно да остане со Вас!

***Го прогласувам 45-тото издание на Македонскиот театарски фестивал “Војдан Чернодрински” за отворено!***

*НАГРАДА ЗА ЖИВОТНО ДЕЛО РАТКА ЧОРЕВСКА - АКТЕР*

# БОЖЈА ДАРБА Е ДА БИДЕШ ДЕЛ ОД ТЕАТАРОТ



"Многу убаво се чувствувам. Години наназад сонував дека нешто ќе добијам, некакво признание, награда. Но на оваа награда не се надевав и еве ја со мене е. Многу сум возбудена. Убаво е да добиеш признание. Се исполни еден мој сон. Прекрасна работа. Божја дарба е да бидеш дел од театарот. Наградата е признание за мојот труд. И благодарам на прилепската публика - вели Ратка Чоревска, добитничката на награда за животно дело.

Таа открива дека била заљубена во театарот.

- Првата улога ја изиграв многу одамна. Заменив еден колешка. За само два дена проба играв во претставата. Собирав податоци, но немам точна евиденција колку улоги сум играла, колку претстави. Многу се. Сите улоги, од најмала до најголема ми беа драги. Бев посветена во играта. Театарот за мене беше прв дом - вели актерката која играше во првата куклена претстава во Македонија.

Таа својот работен век го мина во Битолскиот народен театар Активно настапува во репертоарот на театарот и по пензионирањето. Нејзина последна ролја била во "Мајстори на забуни" поставена во 1994 год. Во речиси четиридецениската кариера израснала во респектабилен член на ансамблот на Битолскиот народен театар. Нејзината актерска игра се одликува со едноставност и блискост, со воздржаност и одмереност во креацијата. Во нејзината биографија стои дека со успех настапувала во "Д-р", "Одам на лов", "Венчавката на Барион", "Бубачки в глава", "Дубровнички ѓаволштилак", "Госпоѓа министерка", "Чорбаџи Теодос", "Свадба". Во некои постановки настапувала во различни ролји во временска дистанца од десетина години ( "Чорбаџи Теодос", "Госпоѓа Министерка" и др.). Настапувала и во претставите, "Антица" (Саветка), "Домот на Бернарда Алба" (Мартирија), "Покојник" (Ана), "Чорбаџи Теодос" (Цонка и Петрија), "Бегалка" (Велика), "Окрвавен камен" (Евгенија), "Нечиста крв" (Стоја), "Крвави свадби" (Тештата), "Бубачки в глава" (Антоанета), "Трите волшебни кучиња" ( Кнез ), "Пубертетлии и фосили" ( Бабата ), "Мајстори на забуни" (Војводата Салин) и други.

Ратка Чоревска за улогата на Хилда Хартман во претставата "Најдобра препорака" ја добила мајската награда на Здружението на драмските уметници на Македонија.

Годинашни лауреати се: Ратка Чоревска, Мите Грозданов и Чедо Христов. Во името на наградените синоќа на публиката и се заблагодари Мите Грозданов: “На ова убавина можам само да речам ФАЛА. Оваа прекрасна прилепска публика заслужува една кратка анегдота. Во 1968 година кога учествуваме вон конкуренцијата за награди, режисерот Љубиша Георгиевски од Коле Чашуле ја направи "Партитура за еден Мирон". Кога ја одигравме претставата публиката аплаудираше, но публиката скандираше: Мите, Мите. Се вратив назад и отогаш со прилепската публика имаме посебна врска. Тоа е стара љубов.”

# УМЕТНИЦИТЕ ВО ЧЕСТ НА ФЕСТИВАЛОТ



15-тина прилепски уметници во чест на Фестивалот создаваа свои дела во брзо сликање. Нивната изложба е дар за театарот.

Скулпторот Жарко Башески го привлече вниманието со своите необични дела. Беше отворена изложбата "ЛИНК" на која беа претставени три скулптури со полиестер и силикон кои побудија посебен интерес. Необично зарем не!?





Прилепските играорци и градскиот оркестар ја подгреаја фестивалската атмосвера. Заиграа и запеаја, ги растреперија душите и срцата на прилепчани и на гостите.

Музика, игра, бои, скулптури, театар - сите уметности на едно место.



# Г л е д а в м е . . .



Македонски народен театар - Скопје
**"ТУПАНИЦА ПОЛНА СО ЉУБОВ"** од Дејан Дуковски
Режисер: Санди Лопичиќ
Оригинална музика: Санди Лопичиќ
Сцена и костим: Хана Линдез
Музичари: Џијан Емин, Иван Бејков, Георги Шаревски и Александар Секуловски
Играат: Јелена Јованова, Сенко Велинов и Гораст Цветковски

# П р е т с т а в а т а . . .

Повеќе музика, отколку актерска игра и реплики. Или едноставно кажано концерт или свирка во живо, во која музичкиот состав надополнет со софистицираното озвучување, на гледачите им понуди интересни звуци. А пееа, море дури играа тојцата актери, кои ја носеа претставата.

Ова е еден поглед на прествата. Но "Тупаница полна со љубов" е многу повеќе од музикл, од забавна, претстава која разонодува. Иако на прво видување и така се доживува претставата, во неа длабоко понираа дилемите за тоа како се испреплетуваат судбините на човекот или колкави и каде се корените на лагата. Или може ли нешто да ја скрши братската љубов, далечината, да ги избрише годините? И тогаш кога боли, и кога ударот зададен од најблискиот го пара срцето, го осакатува личниот опис, може ли да биде израз на љубов!

Несекојдневна претстава, создадена во еден здив, за така да ја понесе и публиката, како момент на релаксација!

• • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • •

**Гораст Цветковски,** актер:

Од моја гледна точка сé е вистина и невистина. На Геро еднаш му оди оваа, а еднаш онаа варијанта. Режисерот беше откачен, зашто, да се спои генијалец, како Дејан Дуковски и еден странец, беше интересно. Актерите беа уникатна емулзија која ги поврзува. Првин имаше кастинг за музикалност, за пеење, а после изгледот. Со Сенко, на режисерот, сме му биле идеална варијанта, дури и во изгледот, да ги играме Геро и Ѓоре.

**Јелена Јованова,** актер:

За мене може беше овој најтежок процес. А за тоа каков беше контактот со актерите, покажа на крајот аплаузот на публиката. Убаво се чувствував. Ми беше страв малку, да не имам пробелми со гласот, а тоа всушност се бара во претствата.

# П у б л и к а т а . . .

- Необично убава претстава, поради начинот на изразување на она што го напишал авторот. Богатство музиката, цело време присутна - рече **Ристо Никоски**.

- Допадлива изведба. Интересна. Досега не сум гледал ваква претстава, како мјузикл, неочекувано - рече **Блаже Ристески**.

- Срамота за Македонскион народен театар за отворањето на Фестивалот да дојде со ваква претстава - вели **Најдо Тодески**.

- На специфичен начин кажана судбина на луѓе. На пример, кој може да го опише загубеното време, туѓите чувства, таков е мојот впечатокот - рече **Мирјана Дамчевска**.

- Добра беше изведбата, музиката. Во кратки црти интересна претстава - рече **Мартин Бошкоски**.

- Одлична музика - рече **Љупчо Иваноски.**

- Комплетно ми се допадна претставата. За почеток на МТФ беше добро - рече **Петар Сотироски**.

- Одлична и необична претстава, која малку наликува на комбинација на театарска претстава и мјузикл. Иако со малку актери, изгледаше дека е издржана. Видовме нешто ново, невидено за наши прилики. Во секој случај, интересно и остава впечаток - велат сопружниците **Чатлески**.

• • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • •

МЛАДИТЕ АКТЕРИ - НОВАТА ЕНЕРГИЈА ВО МАКЕДОНСКИТЕ ТЕАТРИ

**Јелена Јованова**

## ПРИКАЗНИ, БЕЛЕЗИ, НОВИ ИСПОЛНУВАЊА, . . .



Ликот на Марија во претствата "Тупаница полна со љубов" од авторот Дејан Дуковски, а во режија на Санди Лопичиќ, на Македонскиот народен театар го играше актерката **Јелена Јованова**.

***Актер или пејачка? Што си?***

- По професија сум актер. Гласот не ми е школуван, можеби има нешто наследно од мајка ми Љубица. Таа е доста музикална, свири на клавир, пеела во хор. За жал, никогаш не сум го школувала. Беше доста напорно бидејќи не сум школуван пеач, а ова навистина бара многу. Дури час и 20 минути се пее на сцена, а јас сум пеела само под туш до сега. Но во секој случај беше предивик. Особено поради тоа



што првапат ми се случува да немам вербален дијалог како изразно средство, туку песна. Тоа е многу поинаку. Потребен е поинаков пристап и мене ова до сега ми беше најтежок процес. Многу е тешко да се игра без текст. Да се игра без престан, да се пее, а да не сте пејач.

***Покажавте и голема физичка кондиција?***

- Вежбав секој ден. Ова го работевме пет и пол недели и секој ден не прашуваа дали пееш или не.

***Ја почнуваш и ја завршуваш претставата! Паѓа ли голем товар на младите актери и колку е тоа добредојдено?***

- Потребно е искуство, како ќе се изградиме, ако не ни дадат шанса?! Не значи, ако сме млади, дека нема да го истуркаме до крај тоа што ќе ни го дадат. Довербата е голема, но затоа и нашата одговорност е огромна и го исполнуваме тоа!

***Во претствата пееш и на англиски јазик. Ве разбраа ли сите?***

- Сме се запрашувале и сме размислувале и за превод, но мислам дека поголемиот дел од публиката разбира, а ако не разбираат и прашаат, ќе им преведам!

***Кого го сака Марија? Ѓоре или Геро?***

- Е, на тоа јас не нудам одговор. Нека кажат оние кои ја гладаа претствата. Прашањата ги оставив на сцена. Одговорот секој нека го даде!

***А кој повеќе лаже? Ѓоре или Геро?***

- Не знам!

***Иако си релативно млада, колку претстави имаш одиграно?***

- Имам 25 години, пред три години дипломирав. Ова е моја 17 премиера до сега. Мислам дека воопшто не е мала бројка. Имав улоги уште од втора година на факултет. Тоа се 17 приказни, 17 товари, 17 белези, 17 маки, 17 нови исполнувања!

***Што посакуваш?***

- Сакам да продолжам со истото темпо како и досега!




# 45 години Фестивал

## ЗНАЧАЈНО ЗРНО ОД МОЗАИКОТ НА МАКЕДОНСКОТО ВЕЛИЧИЕ

"Годинашниот, 45 МТФ Војдан Чернодрински има различен репетоар. Публиката ќе биде задоволна од понудената програма, бидејќи Театарот е во нагорен од и ги следи сите нови тенденции. Се занимава со модерна естетика - вели **Петар Темелковски**, уметнички директор на Фестивалот.

Тој посочува дека за разлика од претходните години поголем дел од претставите се камерни, но тоа нема да се одрази на посетеноста и квалитетот на претставите.



- Тоа не зависи од нас, туку од продукциите. Се одлучив да донесам квалитетни претстави, бидејќи театарот се конципира лабараториски. Најдоброто да го види прилепската публика. Тоа се единаесет претстави во официјална конкуренција, шест во придружна. На програмата се три трибини, промоција на книга - истакнува Темелковски.

Тој се радува што младите актери се двигатели во Театарот и на Фестивалот.

- Младите колеги се нова и главна снага. Секојпат ги почитувам, бидејќи ние кога бевме млади, кога влеговме во театрите се направи голема промена. Нам, на постарите почитувани колеги, ни подадоја рака. Така и ние го следиме примерот, им помагаме, иако младите актери сами си ја одработуваат работата. Тие се главната носечка сила во Театарот- посочува Темелковски.

За него 45 МТФ е значаен. Уште повеќе што годинава имаме совпаѓање со датумите на стартот на првиот Фестивал и 45 -от.

- Судбински е тоа. 4 и 5 се девет. Тоа е еден од најубавите броеви во уметничките верувања. Фестивалот има долг континуитет. Македонскиот театар се простира со милениуми, уште од Еврипид, и пред него. Тој е суштината на нашето постоење во смисла на културата. Културата и верата ја имаат одржано Македонија со милениуми. Фестивалот е зрно во огромниот мозаик на македонското величие. Зрно, но многу значајно- вели уметничкиот директор Петар Темелковски.

# П р о м о ц и ј а ,  и з л о ж б а  . . .



Денеска, точно напладне, како придружна манифестација во рамките на Фестивалот беше промовиран и новиот роман **"ЖИВОТ СО ПАТРДИИ"** на нашата сограѓанка и веке докажана писателка, **Мирјанка Ристеска- Селчанец**.

- Инспирирана од големата личност и неповторливиот и нескротлив дух на великиот Миле Попоски, со кого другарувавме долги години, ме натера со години да "претурам" по животот на мојот "бате Миле". Радосна сум што успеав да ја напишам оваа книга и барем малку му се оддолжам на мојот драг другар кој за жал не е повеќе меѓу нас.Но, неговите дела живеат - рече авторката Селчанец.

За промоторот, проф. Александар Стерјовски, биографскиот роман "Живот со патрдии", всушност е една романеска која покрај лириката и драмата, има и научнен пристап, поради што во иднина може да биде користена и како материјал за научни истражувања.

Извадоци од книгата читаа актерите: Виолета Чакарова и Андон Јованоски- Ашата.



Во пресрет на Фестивалот, во  ликовниот салон, на ЦК “Марко Цепенков” беше отворена и изложба на слики од **меѓународната ликовна колонија Де Ниро**, која се одржува во Битола од 2005 година.

Изложени се 30 слики од над 20 автори од Македонија и од странство, учесници на Колонијата минатата година.

Своe место најдоа и делата на македонските сликари Драган Хаџи Николов, Павле Кузмановски, Глигор Чемерски, на Ратко Вулановиќ од Србија, на Филип Бујовиќ од Шведска, на Милорад Бата Михајловиќ од Франција, на уметници од БиХ, Германија, Русија.

На колонијата учествувале над 70 уметници од земјата и странство, кои создале над 300 уметнички дела. Досега колонијата Де Ниро реализирала 23 изложби, рече при отворањето координаторот на Колинијата, Панде Петровски.

# А Т М О С Ф Е Р А . . .

## ЧЕСТИТКИ, ЧЕСТИТКИ . . .



Република Македонија
Кабинет на Претседателот

*Почитуван г-дин Темелковски,*

Дозволете ми во името на Претседателот на Република Македонија, д-р Ѓорге Иванов да Ви упатам благодарност за поканата за присуство на свеченото отварање на 45-от Македонски театарски фестивал "Војдан Чернодрински".

Во оваа свечена пригода, која секоја година претставува славење на театарската уметност на која прилепчани, а и сите ние заедно, со воодушевување ги очекуваме македонските мајстори на театарот, сакам да ви упатам искрени честитки за богатата програма. Големиот број претстави, вкупно 18 во конкуренција и придружна програма, изложбите, трибините и големиот број на промоции, вклучувајќи го и доделувањето на наградите за животно дело ја прават оваа манифестација значајна за континуитет на театарското богатство во Македонија. Од година в година, театарскиот фестивал "Војдан Чернодрински" покрај збогатената програмата нудат и светски афирмирани уметници кои театарската програма ја прават уште поприлмамлива за голем број поклонувачи на уметноста, а изборот на претстави претставува поттик повеќе фестивалот да се доживее како празник.

Со искрено жалење би сакал да Ве известам дека поради однапред превземени работни обврски Претседателот на Република Македонија д-р Ѓорге Иванов нема да биде во можност да присутвува на свеченото отварање на 45-от Македонски театарски фестивал "Војдан Чернодрински".

Упатувајќи Ви ги уште еднаш срдечните честитки на Претседателот Иванов Ви посакувам успешна организација на овогодишните театарски фестивал и Ви посакувам продуктивна работа и во иднина.

*Со почит,*

бр. 07-948
04. 06. 2010 год.

ЗАМЕНИК ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР
Љубен Арнаудовски

**До г-дин Петар Темелковски,**
**Уметнички директор на 45. издание на театарскиот фестивал**
**"Војдан Чернодрински" - Прилеп**

Изработил: Билјана ... Јосифовска
Одобрил: Јовица ...

Многу убави желби на Фестивалот му посакаа Претседателот на Република Македонија Ѓорге Иванов и министерот за транспорт и врски Миле Јанакиевски. Што точно му пожелаа на Фестивалот, прочитајте сами.



Република Македонија
**Министерство за транспорт и врски**

До: Г-дин Петар Темелковски, Уметнички директор
Македонски театарски фестивал „Војдан Чернодрински "- Прилеп
Улица: Дом на културата Марко Цепенков
7500 Прилеп

Предмет: Одговор на Ваша покана
Дата: 01.06.2010 година

Влада на Република Македонија
Министерство за транспорт и врски
Цврена Скопска Општина бр.4, 1000 Скопје, Република Македонија
Тел. +389(0) 2 3145 497
Факс +389(0) 2 3126 228
Е-пошта: mtc@mtc.gov.mk
Сајт: www.mtc.gov.mk

Почитуван г-дин Темелковски,

Би сакал да Ви се заблагодарам за упатената покана по повод свеченото отварање на 45-от Македонски театарски фестивал „Војдан Чернодрински" кое ќе се одржи на 04.06.2010 година.

Упатената покана ми претставува особена чест и задоволство, но поради однапред утврдените активности не сум во можност да присуствувам на настанот.

Фактот дека овој фестивал опстојува повеќе од 4 децении укажува на тоа дека квалитетот што го нуди македонската драмска уметност е на високо рамниште, а со одржувањето континуитет на овој фестивал се придонесува за афирмација на македонската театарска продукција

Ви посакувам успех во понатамошните активности и се надевам на успешна соработка со Вас и во иднина.

Со почит,
Миле Јанакиески

## ИСПРАВКА . . .

Кој работи и греши, но ги признава грешките и ги исправа. Во каталогот на Фестивалот се поткрадна ненамерна грешка за Директорот на Турскиот театар од Скопје и член на Собранието на Фестивалот.

Организаторот на Фестивалот упатува искрено извинување.



ИСПРАВКА

ОРГАНИЗАЦИЈАТА НА МТФ ВОЈДАН ЧЕРНОДРИНСКИ МУ СЕ ИЗВИНУВА НА ГОСПОДИНОТ АТИЛА КЛИНЧЕ ДИРЕКТОР НА ТУРСКИОТ ТЕАТАР ОД СКОПЈЕ И ЧЛЕН НА СОБРАНИЕТО НА ФЕСТИВАЛОТ.

ВО КАТАЛОГОТ ШТО ГО ИЗДАВА ФЕСТИВАЛОТ НАПРАВЕНА Е ГРЕШКА НАМЕСТО НЕГОВОТО ИМЕ СТАВЕНО Е ИМЕТО НА НАЏИ ШАБАН.

ПОЧИТУВАН АТИЛА КЛИНЧЕ ВИ СЕ ИЗВИНУВАМЕ ЗА НАПРАВЕНАТА ГРЕШКА.

ОД ОРГАНИЗАЦИЈАТА НА МТФ

# Ќ Е  Г Л Е Д А Т Е

САБОТА, 05.06.2010

19.30 часот - Сцена ЦК"Марко Цепенков"
**"СТРИНДБЕРГ ДОСИЕ"** од Стринберг, во режија на Владо Цветановски -
Струмички театар

22.00 часот- Сцена НТ"Војдан Чернодрински"
**"КАВАКАСКИОТ КРУГ СО КРЕДА"** од Брехт, режија Мартин Кочовски  Прилепски театар

24.00 часот- Сцена - ЦК"Марко Цепенков"
**"ГРАНИЦА"** од Венко Андоноски, режија Софија Ристевска
Млад драмски театар- Битола

НЕДЕЛА, 06.06.2010

19.30 часот - Сцена НТ"Војдан Чернодрински"
**"НЕ ИГРАЈ НА АНГЛИЧАНИ"**, од Владимир Ѓурѓевиќ, режија Кирил Петрески
Кумановски театар

22.00 часот - Сцена - ЦК"Марко Цепенков"
**"ГЕНЕРАЛ НА МРТВАТА ВОЈСКА"** од Исмаил Кадаре, режија Дино Мустафиќ
Албански театар

24.00 часот - Сцена - НТ"Војдан Чернодрински"
**"ГНЕВ"** - дипломска претстава на суденти на ФДУ во класата на проф. Кирил Ристовски и доц. Зоја Бузалковска

ПОНЕДЕЛНИК, 07.06.2010

12.00 часот - Сцена 105 на ЦК"Марко Цепенков"
Трибина:
**"МУЛТИМЕДИЈАЛНИТЕ ЕФЕКТИ КАКО ЕСТЕТСКО СИСТЕМСКА НАДГРАДБА ВО ТЕАТАРОТ"**
Модератор:Ѓорѓи Јолевски

19.30 часот - Сцена ЦК"Марко Цепенков"
**"ЖЕНАТА КАКО ВОЕНО ПОЛЕ"** од Матеј Визниек, режија Владлен Александров
Драмски театар

22.00 часот - Сцена НТ"Војдан Чернодрински"
**"БАХАНАЛИИ"** од Горан Стефановски, режија Наташа Поплавска
Велешки театар

24.00 часот- Сцена ЦК"Марко Цепенков"
**"ПЛЕЈ БЕКЕТ"**- дипломска претстава на студентите по актерска игра на ЕСРА Скопје во класата на Ѓорѓи Јолевски

До оценувачката комисија се обрати Сенко Велинов.

Почитувани,

Како претседател на извршниот одбор на Фестивалот сакам да Ве информирам, со оглед на мојата функција да не се зема предвид мојот настап во претставата “Тупаница полна со љубов”, при оценувањето и доделувањето на наградите.

***Со почит, Сенко Велинов***

45. МАКЕДОНСКИ ТЕАТАРСКИ ФЕСТИВАЛ
„ВОЈДАН ЧЕРНОДРИНСКИ” – ПРИЛЕП

**Покровители:**
***Министерство за култура на Република Македонија***
***Собрание на Општина Прилеп***

**Собрание на МТФ:**
Сенко Велинов - Македонски народен театар - Скопје
Јордан Витанов - НТ Ј.Х.К. Џинот - Велес
Брано Ѓорчев - Драмски театар - Скопје
Бесфорт Идризи - Албански театар - Скопје
Трајче Кацаров - Театар Штип
Атила Клинче - Турски тетар - Скопје
Драган Маџиров - Театар Струмица
Петар Мирчевски - Народен театар - Битола
Роберт Павлевски - Театар Куманово
Кирил Ристоски - Факултет за драмски уметности - Скопје
Артан Скендери - Тетовски театар - Тетово
Љубомир Чадиковски - Театар за деца и млади - Скопје
Тони Чатлески - Театар Прилеп

**Извршен одбор на МТФ:**
Сенко Велинов - Претседател
Бранко Ѓорчев - Член
Петар Мирчевски - Член
Роберт Павлевски - Член
Бесфорт Идризи - Член

**Уметнички директор:**
Петар Темелковски

**Жири комисија:**
Слободан Деспотовски
Братислав Димитров
Мустафа Јашар

**Секретар на МТФ:**
Стојан Дамчески

**Технички секретар:**
Љупчо Тодоровски

• • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • •

Билтен на 45. МТФ “ВОЈДАН ЧЕРНОДРИНСКИ” - Прилеп
**За издавачот:** Петар Темелкоски
**Уредници на Билтенот:** Елизабета Митреска, Каролина Мицевска, Светлана Ристеска, Каролина Дурло и Љупчо Мургоски
**Фотографии:** Елизабета Митреска, Светлана Ристеска и Каролина Мицевска.
Печати: “ТИРЕКС” - Прилеп
Македонски театарски фестивал
**“ВОЈДАН ЧЕРНОДРИНСКИ” - ПРИЛЕП**
Центар за култура “Марко Цепенков”
7500 Прилеп
тел.: 048/401-630 или 425-520
факс: 048/401-631
E-mail: mtf_vc@t-home.mk
www.mtf.com.mk